TIKVEŠ
SINCE 1885

**ОБЈАСНУВАЊЕ КОН БИЛАНСОТ НА УСПЕХ**
**ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.03.2013**

Вкупните приходи од продажба во првиот квартал од 2013 година се зголемени за 4%, односно за 7,9 милиони денари во споредба со првиот квартал од 2012 година, што е резултат на пораст на приходите од продажба на странските пазари за 15%, односно за 12,4 милиони денари.

Трошоците на продадени производи го следат растот на приходите и се повисоки за 4%, односно за 5 милиони денари и резултираат со зголемена бруто добивка за 3%, односно за 2,9 милиони денари.

Останатите оперативни приходи и оперативни расходи бележат зголемување и имаат позитивен ефект на оперативната добивка од 0,2 милиони денари, со што разликата на ниво на оперативна добивка за првиот квартал од 2013 година бележи зголемување за 3,2 милиони денари.

Финансиските расходи се зголемени за 6%, односно за 1,2 милиони денари, а обврската за данок на непризнат расход е зголемена за 0,2 милиони денари. Тоа резултира со зголемување на нето добивката за првиот квартал од 2013 година за 5%.

Нето добивката во првиот квартал од 2013 година е на износ од 2,3 милиони денари.

**Ulica 810 bb, 1000 Skopje, Republika Makedonija**
**Tel:** +389 3 175 966, **Faks: +389 2 3181 735,** e-mail: vvtikves@tikves.com.mk
www.tikves.com.mk